СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 7 Скопје, вторник 23 март 1948 година Год. IV

Ракописите се испрак'аат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ" Пошт фах 51 и иститe не се врак'аат.

Цена на овој број е 4 динари. Претплатата за цела година 250 дин. за едно полугодие 125 динари.

58

### УКАЗ

Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, врз основа чл. 73 т. 4 од Уставот на Народна Република Македонија а во врска со чл. 4 т 3 и чл. 6 од Законот за Президиумот на Народното собрание на Н. Р Македонија, го прогласуе Законот за потврдуење, изменуење и дополнуење на Законот за избор на народни пратеници за Уставотворното собрание на Народна Република Македонија од 27 јули 1946 година, кој што на основа овластувењето од чл. 128 од Уставот на Народна Република Македонија го изгласало Народното собрание на Н. Р. Македонија, а кој гласи:

### ЗАКОН

### ЗА ПОТВРДУЕЊЕ, ИЗМЕНУЕЊЕ И ДОПОЛНУЕЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА НАРОДНИ ПРАТЕНИЦИ ЗА УСТАВОТВОРНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Законот за избор на народни пратеници за Уставотворното собрание на Народна Република Македонија од 27 Јули 1946 година се потврдуе со изменуењето и дополнуењето наведени во овој Закон, така да неговиот изменен и пречистен текст гласи:

### ЗАКОН

### ЗА ИЗБОР НА НАРОДНИ ПРАТЕНИЦИ ЗА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

#### Чл. 1

Изборите за народни пратеници за Народното собрание на Народна Република Македонија се вршат по одредбите на овој Закон врз основа на општо, еднакво и непосредно изборно право со тајно гласање.

#### Чл. 2

Изборите за народни пратеници за Народното собрание се извршуат на целата територија на Народна Република Македонија во истиот ден и тоа во недеља.

Указот за распишуење на изборите го донесуе Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија по предлог на Владата.

Указот се објавуе во „Службен весник на Народна Република Македонија" и тоа најмалку шест недели пред денот одреден за изборите.

#### Чл. 3

Изборите за народни пратеници на Народното собрание се вршат по одделни изборни единици така да секоја изборна единица избира по еден народен пратеник

Овие изборни единици се формираат во границите на административните околии односно градови (реони).

Градовите кои по бројот на своето население немаат услови да изберат барем еден пратеник можат да се спојуат во една изборна единица со блиските соседни села од истата административна околија. Другите градови чинат една или повеќе изборни единици.

Бројот на народните пратеници што се избират на територијата на целата Народна Република Македонија го утврдуе Републиканската изборна комисија спрема целокупниот број на населението од последниот попис, така да се на секој 12.000 жители избира по еден народен пратеник

Бројот на народните пратеници што се избираат на целата територија на Народна Република Македонија како и поделбата на изборни единици го објавуе Републиканската изборна комисија во „Службен весник на Народна Република Македонија" и тоа најдоцна на 15 дена од објавуењето на Указот за распишуење на изборите за Народното собрание

#### Член 4

На изборите за Народното собрание имаат право да гласаат сите граѓани на Федеративна Народна Република Југославија, кои што имаат постојано пребивалиште на подрачјето на Народна Република Македонија без обзир на нивното републиканско државјанство, а ги исполнуат останатите услови, предвидени во Законот за избирачки списоци

Гласањето на изборите е наполно слободно. Ни еден орган на државната власт не може во никој случај да ги повика избирачите на одговорност заради гласањето на изборите, нито може да бара од избирачите да му кажат за кого гласале.

Од денот на распишуењето на изборите не можат да се воведуаат ограничуења за движењето на избирачите

На десет дена пред изборите и на пет дена по изборите ни еден орган на државната власт не може по никоја основа да ги повикуе избирачите.

За истото време кандидатите, нивните заменици и претставители на листите и нивните заменици не можат да бидат затворени, освен во случај ако се на дело затечени на местото на злосторството.

#### Чл. 5

За народен пратеник може да биде избран секој државјанин на Народна Република Македонија, кој што ужива избирачко право.

Членовите на изборните комисии и избирачките одбори ако се кандидуваат за народни пратеници престануат да бидат членови на комисијата, односно одборот.

II

## ИЗБОРНИ КОМИСИИ

### Чл. 6

Изборните комисии се државни органи за исполнување на задачите, определени им со овој Закон, и раководат со изборите за народни пратеници на Народното собрание.

Во таа цел се формираат:

Републиканска изборна комисија и околиски (градски, реонски) изборни комисии.

Изборните комисии се поставуат за период, за кои што се избираат народни пратеници за Народното собрание со тоа да поедини членови и заменици, односно целите комисии можат и порано да бидат сменети и на нивно место поставени други.

### Чл. 7

Републиканската изборна комисија со седиште во град Скопје, ја поставуе Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија во денот на потпишуењето Указот за распишуење на изборите.

Комисијата се состои од претседател, секретар и пет члена. На претседателот, секретарот и членовите на комисијата им се одредуваат заменици. Претседателот на комисијата е претседател или еден од членовите од Врховниот суд на Народна Република Македонија.

Комисијата е надлежна за:

1. Техничко подготвуење на изборите;
2. Поставуење на околиските (градските, реонските) изборни комисии;
3. Определуење на општиот број на народните пратеници и изборните единици;
4. Контрола над работата на околиските (градските, реонските) изборни комисии;
5. Решавање по жалбите против решенијата на околиските (градските, реонските) изборни комисии и
6. Вршење на другите задачи по одредбите на овој Закон.

Составот на изборната комисија се објавуе во „Службен весник на Народна Република Македонија".

### Чл. 8

Во секоја административна околија и во секој град и реон, чии одбори имаат степен на околиски народен одбор, се формира една околиска (градска, реонска) изборна комисија.

Седиштето на околиската (градската, реонската) изборна комисија е во седиштето на околискиот (градскиот, реонскиот) народен одбор.

Околиските (градските, реонските) изборни комисии ги поставуе Републиканската изборна комисија, по предлог од извршниот одбор на околискиот (градскиот, реонскиот) народен одбор, најдоцна на една недела од денот на објавуењето Указот за распишуење на изборите.

Околиската (градската, реонската) изборна комисија се состои од претседател, секретар и тројца членови. Ним им се одредуат заменици. Претседателот на комисијата е по возможност еден од членовите на окружните судови, односно околиските судови.

Комисијата е надлежна за:

1. Техничко подготвуење на изборите;
2. Приемање и потврдуење на кандидатските листи;
3. Поставуење на избирачки одбори;
4. Утврдуење на изборните резултати во изборните единици на нејзиното територијално подрачје и
5. Вршење на други задачи по одредбите на овој Закон.

### Чл. 9

Изборните комисии полноправно решаваат кога се присатни повеќе од половината членови. Решенијата се донесуваат со мнозинство на гласовите од присатните членови. Во случај на еднаква поделба на гласовите одлучуе гласот на претседателот.

III

## КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ

### Чл. 10

Изборите за народните пратеници за Народното собрание на Народна Република Македонија се вршат со кандидатски листи за секоја изборна единица.

Со секоја кандидатска листа може да биде кандидуван само еден кандидат, кој што мора да има заменик.

### Чл. 11

Кандидатска листа можат да поднесуат политички или друштвени организации на кои што по законот им е одобрена работата или пак одреден број граѓани.

Кандидатската листа мора да е предложи одреден број граѓани и тогај, кога кандидатите ги истакнуе политичка или друштвена организација.

### Чл. 12

Секоја кандидатска листа мора да ја предложат најмалку 50 граѓани од најмалку половината места на изборната единица, ако изборната единица опфаќа повеќе места.

Предлагачите мораат своерачно да ја потпишат кандидатската листа, а неписмените да стават свој ракознак.

Потписите и ракознаците мораат да бидат заверени.

### Чл. 13

Предлагач на кандидатската листа може да биде само државјанин на Народна Република Македонија ако е запишан во избирачките списоци на изборната единица за која што предлага кандидат.

Еден избирач може да потпише само една кандидатска листа.

Доколку потпише повеќе кандидатски листи неговите потписи не важат, освен потписот на првата поднесена кандидатска листа на околиската (градската, реонската) изборна комисија.

### Чл. 14

Кандидатската листа мора да содржи:

Назив на изборната единица за која што се поднесуе листата, по тоа фамилијарното и роденото име, занимање и местоживеењето на кандидатот и неговиот заменик.

Освен тоа, кандидатската листа може да содржи и назив на листата доколку предлагачите сакаат да го назначат името на политичката или друштвена организација, која што ги предлага кандидатите.

### Чл. 15

Едно лице може да биде означено како кандидат најмногу во три изборни единици, но не повеќе од две изборни единици на истата административна околија. Во обата случаја оно треба да има за секоја изборна единица друг заменик.

### Чл. 16

Две или повеќе кандидатски листи можат да се здру-

жат под заеднички назив, за да учествуат како целина во доделуењето на мандатите.

Здружуењето на кандидатските листи со писмено согласие на кандидатите го вршат подносителите на листите со изјава пред околиската (градската, реонската) изборна комисија најдоцна до последниот ден за поднесуење на кандидатски листи одреден со овој Закон најдоцна на 8 дена пред денот на изборите.

## IV

## ПОДНЕСУЕЊЕ И ПОТВРДУЕЊЕ НА КАНДИДАТСКИТЕ ЛИСТИ

### Чл. 17

Кандидатската листа мора да се поднесе на потврда во два примерка на околиската (градската, реонската) изборна комисија најдоцна две недели преди денот на изборите. Комисијата веднаш к'е им издаде на подносителите потврда за примање на листата.

Кандидатската листа ја поднесуат на потврда првите три предлагачи на листата кои се сметаат за подносители на листата. Потписите на подносителите на листата мораат да бидат заверени.

### Чл. 18

Со кандидатската листа подносителите се должни да и поднесат на околиската (градската, реонската) изборна комисија следните документи:

писмено согласие на кандидатот и заменикот;

потврда на надлежната комисија за избирачките списоци, за избирачкото право на кандидатот, заменикот и на предлагачите на листата;

потписите на согласието на кандидатот и заменикот мораат да бидат заверени.

### Чл. 19

Заверката на потписите односно на факсимилите во случаите предвидени по овој Закон се врши од страна на било кој околиски суд. По исклучение заверката може да се изврши и од околискиот народен одбор ако во седиштето на околиската изборна комисија нема околиски суд.

### Чл. 20

Околиската (градската, реонската) изборна комисија к'е утврди веднаш по примањето на кандидатската листа да ли е составена според одредбите на овој Закон. Ако комисијата најде формални недостатоци, она за тоа веднаш к'е ги извести подносителите на листата и к'е ги покана да ги отклонат недостатоците.

### Чл. 21

Ако околиската (градската, реонската) изборна комисија утврди дека предложениот кандидат или неговиот заменик немаат право да бидат избирани, во срок од 24 часа листата к'е ја отфрли и затоа веднаш к'е ги извести подносителите со одделно решение. Против овоа решение подносителите имаат право на жалба до Републиканската изборна комисија во срок од 24 часа од приемањето на решението. Жалбата може да се предаде непосредно на Републиканската изборна комисија или преко околиската (градската, реонската) изборна комисија. Решението на Републиканската изборна комисија е конечно и мора да се донесе во срок од 24 часа од приемането на жалбата.

Ако кандидатската листа нема никакви недостатоци или они бидат отклонети, комисијата во срок од 24 часа к'е ја потврди кандидатската листа, к'е го означи времето кога е листата потврдена и која е она по ред, за кое што веднаш к'е ги извести подносителите на листата и Републиканската изборна комисија. Во противен случај комисијата во срок од 24 часа листата к'е ја отфрли. За овоа важат одредбите из став 1 од овој член во поглед на жалбата и решението на Републиканската изборна комисија.

Потврдените кандидатски листи се објавуат во „Службен весник на Народна Република Македонија".

### Чл. 22

Ако след потврдуење на кандидатската листа умре кандидатот или неговиот заменик тогаш на негово место може да се предложи друг кандидат односно заменик, најдоцна на 48 часа пред изборите. Предлогот се поднесуе на околиската (градската, реонската) изборна комисија а го потпишуат подносителите на потврдената кандидатска листа.

Надлежните изборни комисии к'е ги земаат тија предлози во работа и к'е постапуат по нив во смисол на одредбите за потврдуење на кандидатските листи, водејк'и сметка за останалите срокови, предвидени во законот, доколку е тоа возможно.

## V

## ОБЈАВУЕЊЕ НА ЛИСТИТЕ

### Чл. 23

Околиската (градската, реонската) изборна комисија е должна благовремено да ја отпечати или на друг начин умножи и огласи секоја потврдена кандидатска листа во потребен број примерци.

Огласот к'е содржи:

1. Назив на листата доколку го има;
2. Назив на изборната единица;
3. Фамилијарно и родено име, занимање, место живеење на кандидатот и заменикот.

Ако листата е здружена со некоја друга кандидатска листата, тоа во огласот видно треба да се истакне.

Огласите на здружени кандидатски листи треба да бидат еднобојни.

Комисијата к'е се погрижи најдоцна на пет дена преди денот на изборите да бидат сите кандидатски листи отпечатени или на друг начин умножени и изложени во сите места каде што к'е се одржат изборите, како и на секој избирачки одбор на поедино избирачко место во изборната единица да му се достави потребен број примерци од огласите на секоја кандидатска листа за кандидатите, кои што се избираат во таа изборна единица.

## VI

## ИЗБОРЕН МАТЕРИЈАЛ

### Чл. 24

Републиканската изборна комисија е должна да се погрижи да околиските (градските, реонските) изборни комисии благовремено го приготват и да го добијат сиот потребен материјал (кутии, куглици и останалиот материјал), водејк'а сметка на која комисија што и е потребно.

Републиканската изборна комисија може да задолжи поедини околиски (градски, реонски) изборни комисии сами да приготват и отпечатат сиот или еден дел од изборниот материјал.

Секоја околиска (градска, реонска) изборна комисија должна е благовремено да побара од Републиканската изборна комисија нужниот изборен материјал и доколку го нема или сама неможе да го приготви.

Околиските (градските, реонските) изборни комисии се грижат за чувањето на свот изборен материјал за неговото благовремено доставување преку месните односно градските или реонските народни одбори до избирачките одбори.

### Чл. 25

Кутиите кои што к'е бидат од дрво или друг материал к'е се затвораат и отвораат со два разни клуча и к'е бидат така направени да пуштањето на куглиците во нив не се гледа е не се слуша.

На секоја кутија треба да биде обележен нејзиниот реден број.

Обрасци за целокупниот изборен материјал к'е бидат изработени од Претседателството на Владата.

## VII

## ИЗБИРАЧКИ МЕСТА, ИЗБИРАЧКИ ОДБОРИ И ГЛАСАЊЕ

### Чл. 26

Секој избирач може да гласа само еден пат.

Избирачот гласа лично на избирачкото место и само за една од потврдените и објавените кандидатски листи.

### Чл. 27

На денот на изборите, на еден ден пред и на еден след изборите, точењето и давањето било на каков начин на алкохолни подалоци е забрането. Оваа забрана к'е ја објават месните односно градските народни одбори на три дена пред изборите.

### Чл. 28

Избирачкото место к'е биде во најпогодно здание кое за тоа к'е го одреди месниот (градскиот реонскиот) народен одбор.

Во местата што имаат преку 500 избирачи, гласањето к'е се врши на повек'е избирачки места, кои што треба да бидат лесно достапни за избирачите, во кој случај секое избирачко место мора да носи свој број.

Месниот (градскиот, реонскиот) народен одбор к'е го објави избирачкото место на уобичаен начин најмалку на 8 дена пред денот на изборите и к'е назначи кои избирачи таму к'е гласаат.

Таму каде што местата се мали, околиската изборна комисија може да одели на две или повек'е места сочинуват едно избирачко место, но во тој случај неемеат да бидат повек'е од 500 избирачи здружени во едно избирачко место.

### Чл. 29

Во овие болници, санаториуми, породилишта, инвалидски домови и слично каде што бројот на избирачи е над 25 се формираат одделни избирачки места.

### Чл. 30

За секое избирачко место к'е се постави избирачки одбор, составен од претседател и два члена. На претседателот и на двата члена им се определуват заменици.

Претседателот, членовите и замениците на избирачките одбори за сите избирачки места во една изборна единица ги поставуе околиската (градската, реонската) изборна комисија на предлог на месните (градските, реонските) народни одбори најдоцна на две недели пред изборите.

### Чл. 31

На поставениот претседател на избирачкиот одбор околиската (градската, реонската) изборна комисија к'е му го даде на реверс актот за назначење, потпишан од претседателот и од еден член на комисијата.

### Чл. 32

Членовите на избирачкиот одбор како и претставителите на кандидатските листи и нивните заменици, имаат право да гласаат на избирачкото место, на кое што на денот на изборите ја извршуваат својата должност ако поднесат уверење да се воведени во постојаниот избирачки список на своето местожителство.

Тоа уверење к'е се прикључи кон записникот за работата на избирачкиот одбор.

### Чл. 33

Најдоцна три дена пред изборите секој одделен кандидат може да пријави на околиската (градската, реонската) изборна комисија по еден претставител на својата листа и негов заменик за секое избирачко место.

Претседателот на околиската (градската, реонската) изборна комисија или неговиот заменик најдоцна за 48 часа к'е издадат уверење за секој пријавен претставител и заменик и за тоа веднаш к'е го известат месниот (градскиот, реонскиот) народен одбор на секое оно избирачко место, за кое што к'е биде одреден претставител. Уверењето издадено од страна на околиската (градската, реонската) изборна комисија к'е им служи на претставителите на листите, односно на нивните заменици, како легитимација за нивното учествување во работата на избирачките одбори.

### Чл. 34

Месниот (градскиот, реонскиот) народен одбор заедно со избирачкиот одбор е должен да одреди во близината на избирачкото место згодно место на кое што претставителите на кандидатските листи јавно к'е ги изложат своите листи и изборни пароли, и к'е им го стави на расположение на претставителите на листите најдоцна 48 часа пред денот на изборите.

### Чл. 35

Спроти денот на изборите во 3 часот по пладне сите членови на избирачкиот одбор или нивните заменици к'е се состанат во зданието, во кое што к'е се гласа и таму к'е ги приемат од месниот (градскиот, реонскиот) народен одбор кутиите со клучеви и потребниот број куглици, постојаниот избирачки список, кандидатските листи и се друго што е потребно. Тие се должни да ги прегледаат кутиите и да се уверат во нивната исправност. По тоа претседателот к'е ги заклучи кутиите со два клуча и к'е ги запечати така, да устата на кутијата биде наполно затворена. Едниот клуч к'е го земе претседателот а другиот клуч еден од членовите на избирачкиот одбор.

По тоа избирачкиот одбор на виден и недвосмислен начин на секоја гласачка кутија к'е ја постави определената кандидатска листа за која што к'е се гласа во таква кутија.

Кутиите се поставуат по оној ред по кој што се потврдени кандидатските листи, со тоа да кутиите на здружените кандидатски листи се поставуат една покрај друга по оној ред по кој се потврдени листите и тоа на оноа место, кое и припаѓа на онаа од здружените кандидатски листи која е меѓу нив прва потврдена.

До горните кутии се поставуе една кутија без ознака на листа и кандидат („кутија без листа"), во која к'е можат да ги стават куглиците оние што не сакаат да гласат ни за една кандидатска листа.

На сета таа работа имаат право да присаствуат и претставителите на листите.

Чл. 36

Кога избирачкиот одбор к'е изврши и припреми се што е потребно за гласање к'е состави за тоа записник во два примерка. Овој записник го потврдуат членовите на избирачкиот одбор и претставителите на листите ако се присатни. По тоа к'е ги затворат прозорците, сите присатни к'е излезат од гласачката соба, к'е ја заклучат и к'е удрат печат на вратата, а клучот к'е го земе претседателот на избирачкиот одбор.

Најпосле избирачкиот одбор к'е одреди стража која непрекинато к'е го чува зданието во кое што к'е биде гласањето

Чл. 37

На денот на изборите во 7 часот пред пладне се собира избирачкиот одбор во зданието каде што к'е биде гласањето и тоа пред вратата на гласачката соба, која што к'е ја отворат и к'е влезат во неа. Кога к'е се уверат, дека кутиите и куглините како и се друго е во ред составуат во два примерка записник во кој што к'е се потврди најденото состојание, след тоа к'е се отворат отворите на кутиите па и тоа к'е се забележи во записникот. Тој записник к'е го потпишат сите членови на избирачкиот одбор како и присатните претставители на листите, а веднаш след тоа претседателот објавуе да се пристапуе кон гласање

Чл. 38

Претседателот на избирачкиот одбор се грижи со помошта на другите членови за одржуење на редот и мирот за време на гласањето. Во случај на потреба претседателот к'е бара помош од народната милиција, која к'е дојде на избиралиштето, и к'е стои под негово раководство.

Чл. 39

Сите членови на избирачкиот одбор, односно нивните заменици, мораат да бидат присатни за сето време на гласањето.

Ако претставителот на кандидатската листа го напушти избиралиштето, изборите се продолжуат без него. Тоа к'е се забележи во записникот.

Чл. 40

Никој не смее да стапи на избиралиштето под оружје или со убојно орудие освен во случај предвиден во член 38 од овој Закон.

Чл. 41

Во просторијата во која што к'е се гласа, гласачите влегуат со ред, еден по еден но никогаш не повек'е од 10 одеднаш.

Чл. 42

Секој избирач кога к'е влезе во просторијата, во која што к'е гласа, пристапуе кон масата на избирачкиот одбор и по тоа по поканата од претседателот мора гласно да го каже својето фамилијарно и родено име и своето занимање, а во местата, каде што има повек'е избирачки места и каде што живее. Претседателот к'е го легитимира избирачот или на друг начин к'е го утврди неговиот идентитет.

По тоа претседателот потврдуе дали това лице е уведено во избирачкиот список. Ако најде дека е воведено, претседателот к'е го заокружи редниот број на тоа лице, како знак да е пристапило на гласање. Истовремено лицето, кое што води списокот на оние што век'е гласале, к'е го запише фамилијарното и родено име на гласачот и бројот под кој е тој заведен во избирачкиот список.

После, претседателот му го објаснуе на избирачот начинот на гласањето и му ја предава куглицата со која што к'е гласа и го упатуе на местото каде што се врши гласањето.

Чл. 43

Во секое избирачко место освен оние лица, кои што се воведени во избирачкиот список на тоа избирачко место, имаат право да гласаат и оние лица, што се затекле на денот на изборите надвор од своето местоживеење, ако на избирачкиот одбор му поднесат уверење, дека се запишани во постојаниот избирачки список на своето местоживеење и да тоа местоживеење се наог'а во територијата на Народна Република Македонија

Тие уверења се прилагаат кон записникот за гласањето, а во самиот записник се констатира колку лица гласале на тоа избирачко место врз основа на такви уверења.

Околиските (градските, реонските) изборни комисии издавањето на такви уверења к'е го означат во постојаниот избирачки список. Во случај да се избирачот на кого што му е издадено такво уверење појави да гласа на своето избирачко место должен е да го врати издаденото му уверење кое што во списокот к'е се одбележи. Во противен случај нема да му се дозволи да гласа. Вратеното уверење к'е се приложи кон записникот за работата на избирачкиот одбор.

Чл. 44

Претседателот или еден од членовите на избирачкиот одбор к'е му каже на секој избирач пред да го пушти да гласа која и чија кандидатска листа ја претставуат гласачките кутии, а к'е му ја покаже и „кутијата без листа". Ако избирачот побара, претседателот или еден член од одборот к'е му ги прочете сите имиња на кандидатските листи. Секој претставител на листата или неговиот заменик има право да му каже на избирачот одредената кандидатска листа и гласачка кутија на која политичка или друштвена организација припаг'а.

На избирачкото место е забранета секоја агитација за одредени листи и кандидат.

Чл. 45

Гласањето се врши на овој начин: кога избирачот прими куглицата тој ја става во десната рака или во левата, ако нема десна, па ракада ја затворуе и со така затворена рака пристапуе кон секоја кутија по ред и во секоја кутија ја завлечуе така затворената рака.

Куглицата к'е ја пушти во онаа кутија која и припаг'а на кандидатската листа односно на кандидатот за кого сака да го даде својот глас односно во „кутијата без листа". Кога избирачот и од последната кутија к'е ја извади ракта, тој пред сите к'е ја отвори така да секој може да види дека во неја нема век'е куглица.

За сето време додека избирачот го врши гласањето, претседателот и членовите на избирачкиот одбор пазат да тој не ја премести куглицата во другата рака и да не ја однесе со себе.

Чл. 46

Избирачот, кој што поради некаква телесна мана не би можел да гласа на начин предвиден во претходниот член, има право да доведе со себе пред избирачкиот одбор лице, које што место него к'е гласа.

За овоа избирачкиот одбор к'е донесе решение и к'е го стави во записникот.

Чл. 47

Кога избирачот сврши со гласањето тој е должен да го напушти избиралиштето. За избиралиште се смета зданието и неговиот двор.

Чл. 48

Избирачкиот одбор неможе да му го спречи гласањето на лице кое што е запишано во постојанниот избирачки список. Ако некој член на одборот, или некој претставител на листата има вешто да приговори, тоа к'е се внесе во записникот. Ако некој избирач се пријави да гласа, а на негово име веќ'е некој друг гласал претседателот на избирачкиот одбор к'е нареди да се внесат во записникот неговото фамилијарно и роденото име, занимање и местоживеењето, но нема да го пушти да гласа.

Чл. 49

Гласањето трае непрекинато през целиот ден, до 19 саатот. Само во случај на неред, ако престапуењето на мнозинството на избирачкиот одбор, можат изборите да се прекинат долека редот не се востанови. Повод за нередот и времето за кое што изборите морале да бидат прекинати се забележуе во записникот. Во 19 часот се затворуе дворот и зданието, ако двор нема а викој повек'е нема да се пушта внатре, но к'е се допушти гласањето на избирачите кои што се затекнале во дворот или во зданието. Ако гласањето поради нередот морало да биде прекинато повек'е од 1 час за истото време к'е се продолжи гласањето.

Чл. 50

За време на гласањето се води записник со сите факти важни за гласањето. Записникот се води во два примерка. Записникот морат да го потпишат сите членови на избирачкиот одбор. Записникот го потпишуат и претставителите на кандидатските листи но ако овие не би се потпишале, записникот важи без нивниот потпис.

Секој член на одборот може во записникот да си го оддели мнението и да стави свои забелешки. Истото важи и за претставителите на листите.

## VIII. ГЛАСАЊЕ НА ВОЕНИТЕ ЛИЦА

Чл. 51

На изборите за Народното собрание на Народна Република Македонија можат да гласаат сите оние лица, кои што на денот на распишуењето на изборите се затекнати во служба во воените единици, команди или установи на територијата на Народна Република Македонија.

Воените лица гласаат за избиралиштата на оние места во кои што се наог'а нивната единица, команда или установа.

Воените лица пуштени од војска во отсуство, одмор, боловање, оправок итн. или се демобилисани можат да го вршат своето избирачко право на избиралиштата во она место во кое што се на денот на изборите наог'аат и ако во тоа место не се воведени во избирачкиот список ако претходно му предадат на претседателот на избирачкиот одбор уверење од својата воена единица од кое би се видело да се воведени во избирачкиот список на својата воена единица.

Член 52

Војните единици, команди или установи кои што согласно чл. 23 од Сојузниот закон за потврдите и мамените на Законот за бирачките списоци водат постојани избирачки списоци на воените лица к'е состават најмалку на 20 дена по распишуењето на изборите и достават на околиските, (градските, реонските) изборни комисии, избирачки списоци и к'е ги известат на кои избирачки места к'е гласаат воените лица. Околиската (градската, реонската) изборна комисија за тоа веднаш к'е ги извести избирачките одбори. Во сето останато и за гласањето на воените лица важат одредбите на овој Закон.

## IX. СВРШУЕЊЕ НА ГЛАСАЊЕТО И УТВРДУЕЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ГЛАСАЧКИТЕ МЕСТА

Чл. 53

Кога к'е биде свршено гласањето избирачкиот одбор к'е ги преброи неупотребените куглици и к'е ги остави во одделно врек'иче кое што к'е го затвори и запечати.

Чл. 54

После овоа избирачкиот одбор го утврдуе вкупниот број на гласачите по избирачкиот список и по списокот на гласачите.

По тоа се пристапуе кон отварањето на кутиите и броењето на куглиците по оној ред по кој што кутиите биле поставени.

Претседателот пред сите членови на одборот и пред присатните претставители на кандидатските листи ги пребројуе куглиците по следниот начин: кога к'е изброи сто ги предава на еден од членовите на одборот за да ги преброи и тој а овој ги предава на претставителот на оная кандидатска листа чии гласови се бројат за да ги преброи по трети пат. Ако не е присатен претставителот на кандидатската листа на која што се бројат гласовите третото пребројуење к'е го изврши третиот член на одборот или било кој друг претставител.

Овоа се повторуе со секоја стотина долека не бидат изброени сите куглици. По тоа, веднаш во записникот се запишуе со зборон бројот на куглиците и името на кандидатот за кого во таа кутија се гласало и колку куглици во неа имало, односно колку куглици имало во „кутијата без листа".

По истиот начин се пребројуат куглиците и во останатите кутии и се утврдуе бројот на далените гласови. Кога к'е се сврши пребројуењето сите членови на одборот и присатните претставители на кандидатските листи го потпишуат записникот. Под потписите к'е го стават печатот на месниот (градскиот, реонскиот) народен одбор. Записникот се составуе во два примерка. Одвоени мненија и примедби за работата на одборот се дозволени.

На претставителите на кандидатските листи на нивно барање може да им се издадат заверени преписи од записниците. Претседателот на избирачкиот одбор к'е прогласи јавно пред изборното здание колку која кандидатска листа односно кандидат добиле гласови, а колку „кутијата без листа".

Чл. 55

Трите записници, избирачкиот список и списокот на гласачите се ставаат во одделен плик, кој што се запечатуе со печатот на месниот (градскиот, реонскиот) народен одбор и адресира до околиската (градската, реонската) изборна комисија. Овој плик к'е остане на масата на избирачкиот одбор. Откако овоа к'е сврши одборот к'е излезе од избирачката соба к'е ја заклучи по истиот начин како и минатиот ден и к'е постави стража за да ја чува непрекинато собата во која што се оставени изборните акти, а клучот од собата к'е го чува претседателот кај себе.

Таа нок' поставената стража никого нема да пушти во оваа соба под никаков изговор.

Чл. 56

Утрината по гласањето во 7 часот пред пладне сите членови на избирачкиот одбор се состануат пред вратата на избирачката соба ја отворуат и влегуат во неа. Откако се увери дека е се онака како е било оставено, тоа записнички го констатираат. По тоа, изборниот материел го враќаат на месниот (градскиот, реонскиот) народен одбор и зимаат од него реверс. После тоа претседателот к'е го земе пликот адресиран до околиската (градската, реонската) изборна комисија, за да го предаде лично на комисијата. Со него имаат право да тргнат и претставителите на кандидатските листи или нивните заменици.

Чл. 57

Ако на денот на изборите гласањето не се изврши на едно или повек'е избирачки места, околиската (градската, реонската) изборна комисија к'е одреди гласањето на тие места да се изврши идната недела.

Ако околиската (градската, реонската) изборна комисија при утврдуењето на резултатите од гласањето утврди неправилности на поедини избирачки места во текот на гласањето, кои што имале влијание на резултатот на изборите во таа изборна единица, к'е ги поништи изборите во тие избирачки места и к'е одреди поновно гласање за идната недела.

Ако е потребно да се извршат поновни избори во целата изборна единица или на повеке од половината избирачки места, решението за тоа го донесуе Републиканската изборна комисија.

И во трите случаи месниот (градскиот, реонскиот) народен одбор е должен благовремено да објави кога и дека к е се изврши повторното гласање.

## X. УТВРДУЕЊЕ НА ИЗБОРНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ИЗБОРНИТЕ ЕДИНИЦИ

Чл. 58

Околиската (градската, реонската) изборна комисија врз основа на изборните акти кои што ги примила од избирачките одбори го утврдуе резултатот на изборите за народни пратеници одделно за секоја изборна единица на своето подрачје, а нарочно колку гласови добиле одделните кандидатски листи; колку здружените кандидатски листи и колку која од последните поодделно има добиено гласови, а колку гласови добила „кутијата без листа".

Истовремено околиската (градската, реонска) изборна комисија го утврдуе вкупниот број на дадените гласови во сите изборни единици од своето подрачје.

Ако се најде разлика мег'у гласовите по списокот на гласачите и гласовите по куглиците важи резултатот на гласањето према куглиците.

Чл. 59

Во една изборна единица се смета за избран пратеник кандидатот на онаа листа, која што во таа единица добила релативно мнозинство гласови то ест која што добила најголем број гласови.

Ако во истата изборна единица имало една или повек'е здружени кандидатски листи, мандатот се доделуе на онаа листа, која што како целина добила најголем број гласови измег'у кандидатите на таа здружена листа се смета за избран пратеник оној кандидат кој што мегу нив добил најголем број гласови. Ако две или повек'е кандидатски листи здружени под заеднички назив, кои што како целина учествуеле врв доделуењето на мандатот, постигнале еднаков број гласови, со жрепче к'е се одреди па која од тие листи к'е припадне мандатот. Исто така со жрепче к е се одредуе кому к'е припадне мандатот и тогаj кога два и повек'е кандидати од една здружена кандидатска листа добиле еднаков број гласови.

Ако две или повек'е поодделни листи или поодделни и под заеднички назив здружени листи добиат еднаков број гласови и поради тоа не може да се утврди кој кандидат е избран, Републиканската изборна комисија к е одреди за таа изборна единица за идната недела нови избори.

При утврдуењето на релативното мнозинство и при доделуењето на мандатите не се земаат во обзир гласовите паднати во „кутијата без листа".

Чл. 60

Околиската (градската, реонската) изборна комисија к'е им издава уверење на избраните народни пратеници. Уверењето го потпишуат претседателот и сите членови на изборната комисија.

Уверењата се предаваат на избраните пратеници непосредно или преку околискиот (градскиот, реонскиот) народен одбор.

Чл. 61

Околиската (градската, реонската) изборна комисија за својата работа води одделен записник за изборот на секоја изборна единица во кој што к'е биде наведено се што пропишуе чл. 59 став 1 од овој Закон како и тоа кој кандидат е избран за народен пратеник и со каков број на гласови. Исто така составуе и општ записник во кој што к е бидат наведени резултатите од изборите и имињата на избраните пратеници во сите изборни единици од нејзиното подрачје.

Записниците ги потпишуат сите членови на комисијата. Секој член има право да стави своја забелешка или да го одвои своето мнение. Тоа исто важи и за претставителите на кандидатските листи.

Чл. 62

По свршената работа околиската (градската, реонската) изборна комисија к'е објави на огласната табла на околискиот (градскиот, реонскиот) народен одбор колку која од кандидатските листи за односната изборна единица добила гласови, колку гласови добила „кутијата без листа" и кои од кандидатите и за која изборна единица се огласуе за народен пратеник. Тоа к е биде соопштено на сите месни народни одбори на територијата на околиската изборна комисија, за да го објават на убичаен начин во сите места.

Чл. 63

Веднаш после утврдуењето на изборните резултати по изборните единици, претседателот или некој друг член на околиската (градската, реонската) изборна комисија ги носи и предава на Републиканската изборна комисија сите изборни акти. Претставителите на кандидатите имаат право да го придружуат.

За примо-предавањето на изборните актови Републиканската изборна комисија составуе одделни записници.

Чл. 64

Подносителите на кандидатските листи најдоцна три де-

на пред изборите можат да пријават на околиската (градската, реонската) изборна комисија по два претставители на својата кандидатска листа кои што имаат право да присаствуат во работата на околиската (градската, реонската) изборна комисија.

## XI. РАБОТАТА НА РЕПУБЛИКАНСКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

### Чл. 65

Угрипата но свршените избори се состанує Републиканската изборна комисија. Таа по сопствена иницијатива или по желба врз основа на примените изборни акти к'е ја провери законитоста на работата по извршените избори и до колку најде да има неправилности по спроведуењето на изборите к'е постапи по одредбата на чл. 57 на овој Закон.

### Чл. 66

За целата своја работа Републиканската изборна комисија води записник. Нарочно во записникот к'е биде наведено колку биле сите кандидатски листи, кои лица биле кандидати, колку износат сите гласови што ги добила секоја кандидатска листа, колку износат гласовите паднати во „кутијата без листа" и кои од кандидатите се избрани за пратеници. Записникот к'е го потпишат сите членови на комисијата но секој има право да го оддели своето мнение и да стави примедби. Тоа важи и за претставителите на листата.

### Чл. 67

По свршуењето на работата, Републиканската изборна комисија составує извештај за Народното собрание, кој што го прак'аат на собранието заедно со сите изборни акти. Својот извештај Републиканската изборна комисија го објавує во „Службен весник на Народна Република Македонија".

## XII. ЖАЛБИ И ПОПЛАКИ

### Чл. 68

Против неправилноста во текот на изборите како и против неправилноста во работата на избирачките одбори, избирачите од односната изборна единица, кандидатот и неговиот заменик како и политичките и друштвените организации имаат право на жалба до околиската (градската, реонската) изборна комисија во срок од три дена од денот на изборите. Против неправилностите во работата на околиската (градската, реонската) изборна комисија избирачите од односната изборна единица, кандидатот и неговиот заменик, како и политичките и друштвените организации имаат право на жалба до Републиканската изборна комисија во срок од три дена од денот кога околиската (градската, реонската) изборна комисија го објави резултатот од изборите по чл. 62 на овој Закон.

### Чл. 69

Против неправилности во текот на изборите или во работата на изборните комисии избирачите од односната изборна единица, кандидатот и неговиот заменик како и политичките и друштвените организации имаат право да поднесуат поплаки до Народното собрание на Народна Република Македонија преку Републиканската изборна комисија.

Народното собрание ги разгледує овие поплаки во текот на верификационата постапка.

## XIII ПОПОЛНУЕЊЕ НА УПРАЗНЕНИ ПРАТЕНИЧКИ МЕСТА

### Чл. 70

Ако се поништи мандатот на еден пратеник заради недостаток на условите за уживање избирачко право к'е се повика за пратеник неговиот заменик. Исто така к'е се постапи ако избраниот пратеник умре или на друг начин му престане мандатот.

Во случај да нема ни заменик на пратеникот или тој не може да биде повикан на местото на пратеникот како и во случај на поништуење мандатот заради неправилности на изборната работа поради кои што се смета да кандидатот не е избран к'е се извршат нови избори во таа изборна единица.

Дополнителни избори за упразнени пратенички места се вршат по одредбите на овој Закон.

## XIV. КРИВИЧНИ ОДРЕДБИ

### Чл. 71

К'е се казни по овој Закон:

1. Кој било на кој начин спречи другого да го употреби своето избирачко право или да ја изврши должноста по овој Закон;

2. Кој со сила или закануење го принуди избирачот да гласа за една кандидатска листа или оваа да ја потпише или да се одрече од потписот;

3. Кој со поткупуење дејствує на избирачот да гласа за една кандидатска листа или оваа да ја потпише или да се одрече од потписот;

4. Членовите на избирачкиот одбор, кои што злоупотребуејк'и го своето положение вршат натиск и по било каков начин дејствуат на слободата на избирачот во поглед употребуењето на неговото избирачко право;

5. Избирач кој гласа или се обидує да гласа повеке од еднаш во време на едни избори;

6. Кој место друг или под негово име се обидує да гласа;

7. Кој било на кој начин ја повреди тајноста на гласањето;

8. Кој физички нападне на избирачкиот одбор; на изборната комисија и на некој од нивните членови, или на претставителите на листите, или на било каков друг начин пречи на избирачкиот одбор или на изборната комисија;

9. Кој дојде на избиралиште под оражје или со орадие употребливо за тепање, освен за случај кога претседателот на избирачкиот одбор побара помош од надлежните органи на државната власт.

10. Кој намерно повреди, уништи или однесе каков и да било документ од изборите или каков и да е предмет кој служи за изборите или го промени бројот на гласовите со додавање, одземање или на друг начин;

11. Стражар кој е одреден за чување на изборното здание односно на просториите ако допушти да некој стори некои од делата наведени во претходната точка;

12. Кој ја преиначи кандидатската листа без да биде огласен, след како подносителите век'е ја потпишале;

13. Членовите на избирачкиот одбор ако допуштат да гласа некој кого што го нема во постојаниот избирачки список или пошто век'е гласал и свесно допуштат да некој гласа лажно на туг'о име, ако без оправдани причини го скусат или продолжат времето за примање на гласови, ако без оправдани причини го сменат местото на гласањето кое што век'е било одредено и објавено;

14. Членовите на избирачкиот одбор на кој што е саопштено да се одредени на овие должности, ако недојдат во

определеното време и на одреденото место за вршење на должноста, а неможат да го оправдаат своето отсаствие или без оправдани причини ја напуштат својата должност ,или откажат да го потпишат записникот за изборната работа;

15. Кој го води намерно неисправно изборниот записник или врши во него поправки или додатоци след како е век'е потпишан;

16. Кој без потпис на претседателот на избирачкиот одбор нареди или без наредба доведе оружана сила на избиралиштето;

17. Органот на власта кој што ги повикуе граг'аните на одговорност за гласањето на изборите по овој Закон, или од нив бара да кажат за кого гласале;

18. Кој направи каква друга злонамерна повреда на прописите од овој Закон во колку за овоа не се казнуе во идниот член.

За дела од овој член сторителите ке се казнуат спрема тежината на делото;

1. Со парична казна до 20.000 динари

2. Со лишение од слобода.

Покрај казната лишение од слобода, може едновремено да се изрече и парична казна.

Во потешки случаи може покрај набросните казни да се изрече и губиток на граг'анските права.

Чл. 72

Ке се казни со парична казна до 5.000 динари или со поправителна работа до 6 месеци:

1. Кој се држи непристојно при гласањето или след како гласал односно след како се утврди дека не е внесен во постојаниот избирачки список, а по опомена на претседателот на избирачкиот одбор сака да го напушти зданието во кое што се гласа.

2. Кој го навреди претседателот на избирачкиот одбор или некој од членовите на избирачкиот одбор.

Чл. 73

Ако за делата предвидени со овој Закон, друг закон пропишуе потешки казни, обвинетиот ке се казни по тој закон.

Чл. 74

За кривичната постапка по овој Закон надлежни се околиските судови. Постапката се покренуе по пријава на кое било лице или службена должност.

Надлежниот околиски суд должен е по делата од овој Закон брзо да донесуе пресуди, односно да ја прекинуе постапката.

Против пресудата (решението) на околискиот суд може да се додаде жалба до надлежниот окружен суд во срок од 8 дена од примањето пресудата (решението).

Чл. 75

Сите кривици од овој Закон извршени на денот пред изборите и на самиот ден на изборите, избирачкиот одбор ке ги внесе во својот записник со означуење имињата на обвинетите.

Околиската (градската, реонската) изборна комисија след како е сврши својата работа, врз основа на записникот сите овие кривици ке ги достави на надлежниот суд, за да се поврене кривична постапка

XV ЗАКЉУЧНИ ОДРЕДБИ

Чл. 76

Сите документи, кандидатски листи, жалби, поплаки и други преставки по овој Закон како и сите работи пред судовите и другите државни органи во смисол на овој Закон се ослободуат од плак'ане на државни такси.

Чл. 77

Се овластуе Претседателот на Владата да издава напатствија за приложуењето на овој Закон.

Чл. 78

Овој Закон влегуе во сила со денот на неговото објавуење во „Службен весник на Народна Република Македонија".

У. Бр. 10, 2 јануари 1948 година, Скопје.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Крсте Црвенкоски, с. р.

Претседател, Богоја Фотев, с. р.

59

Врз основа на чл. 24 од Законот за Народната милиција пропишуам

ПРАВИЛНИК

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКО-ЗАВОДСКА НАРОДНА МИЛИЦИЈА

Чл. 1

Индустриско-заводска народна милиција се оснива во индустриски претпријатија, заводи и установи со цел на непосредно и непрекинато обезбедуење на тие претпријатија, заводи или установи.

Чл. 2

Индустриско-заводска народна милиција се оснива со решение на Министерот на внатрешните работи на Народната Република Македонија во согласност со управата на претпријатието, заводот или установата. Предлог за оснивање индустриско-заводска народна милиција поднесуе управата на претпријатието, заводот или установата. Ако управата на претпријатието, заводот или установата не поднесе таков предлог, а со оглед важноста на претпријатието, заводот или установата за народното стопанство постои потреба за оснивање индустриско-заводска народна милиција, Министерот на внатрешните работи после советуење со директорот на претпријатието, заводот или установата, донесуе решение за оснивање индустриско-заводска народна милиција.

Чл. 3

Во решението за оснивање индустриско-заводска народна милиција се одредуе:

а) бројната состојба на индустриско-заводската народна милиција во односното претпријатие, завод или установа;

б) дали стражата ке биде постојана в непрекината;

в) еден нејзин припадник, кој непосредно ќе раководи во единицата на индустриско-заводската народна милиција;

г) непосредната околина на претпријатието, заводот или установата, која што ќе биде под контрола на индустриско-заводската народна милиција; и

д) обим на обврските на претпријатието, заводот или установата односно снабдуењето и одржуењето на индустриско-заводската народна милиција.

Бројната состојба на индустриско-заводската народна милиција се одредуе со оглед значајот и големината на претпријатието, заводот или установата, непосредната околина која се контролира од индустриско-заводската народна милиција и состојбата на безбедноста на односниот крај.

При одредуењето на непосредната околина, која ќе биде под контрола на индустриско-заводската народна милиција ќе се земе во оглед конфигурацијата на теренот, близината на станици на општата народна милиција и степенот на потребата за обезбедуење на претпријатието, заводот или установата.

Во претпријатија, заводи или установи, каде што индустриско- заводската народна милиција брои над 7 припадника, Министерот на внатрешните работи може да назначи еден припадник на општата народна милиција за командир на односната единица на индустриско-заводската народна милиција.

### Чл. 4

Единицата на индустриско-заводската народна милиција е организирана сходно начелата за организацијата на станиците на народната милиција.

### Чл. 5

Своите задатоци индустриско-заводската народна милиција ги извршуе на подрачјето на претпријатието, заводот или установата и контролира нивната непосредна околина. Покрај задатокот за обезбедуење на претпријатието, заводот или установата индустриско-заводската народна милиција врши на подрачјето на својата надлежност и должностите на општата народна милиција.

### Чл. 6

Индустриско-заводската народна милиција е еднообразна униформисана и вооружена формација.

### Чл. 7

Униформата на припадниците на индустриско-заводската народна милиција е по боја сива со отворено модер егализир и се состои од: капа (титовка), шинел, блуза, панталони и цокули. Нејзиниот крој е ист како и на униформата на општата народна милиција, со таа разлика, што латиците на блузите и шинелите имаат облик на ромбоид со страници 3×6 см. Цокулите се исти како и кај припадниците на општата народна милиција.

Припадниците на индустриско-заводска народна милиција носат на левиот ракав од шинелот и блузата во висина на мишката значка во облик на заичаник од метал жолта боја, на чија средина се наоѓа петокрака звезда црвена боја.

### Чл. 8

Вооружуењето на индустриско-заводската народна милиција се врши по прописите за вооружуење на општата народна милиција

Со оражјето и муницијата се задолжуе лично припадникот на индустриско-заводската народна милиција на кого се поверени.

Поарчената муниција припадникот на индустриско-заводската народна милиција ја правда преку надлежниот шеф на управата на народната милиција.

За упропастуење или неоправдано оштетуење на оражјето како и за неоправдано арчење на муниција, припадникот на индустриско-заводската народна милиција одговара дисциплински и е должен да ја надокнади штетата по прописите кои важат за општата народна милиција. Во тој поглед индустриско-заводската народна милиција направо е подредена на надлежниот шеф на управата на народната милиција.

### Чл. 9

Припадникот на индустриско-заводската народна милиција носи оражје само во времето на вршење службена должност и може да го употреби оражјето само во случаи предвидени во чл. 14 од Законот за народната милиција.

### Чл. 10

Службата за обезбедуење на претпријатието, заводот или установата индустриско-заводската народна милиција ја врши под раководството на директорот на претпријатието, заводот или установата. Во вршењето на своите задатоци индустриско-заводската народна милиција постапуе согласно правилата пропишани за вршење службата на општата народна милиција.

До колку во вонредни случаи индустриско- заводската народна милиција не би била достаточна за извршуење на своите задатоци најблиската единица на општата народна милиција е должна да и укаже помош.

### Чл. 11

Во вршењето на своите задатоци индустриско-заводската народна милиција стои под контрола на шефот на отсекот, односно началникот на одделението на внатрешните работи при извршниот одбор на околискиот или градскиот народен одбор.

Надлежниот шеф на управата на народната милиција должен е да ги обиколуе сите единици на индустриско-заводската народна милиција во исти временски растојанија како и станиците на народната милиција. Тој е должен да забележените недостатоци во работата на индустриско-заводската народна милиција ги соопштуе на директорот на претпријатието, заводот или установата и да му предложуе мерки за нивното отстрануење. До колку недостатоците не можат да се отстранат по таков начин тој е должен да предложи на надлежниот шеф на отсекот, односно началникот на одделението на внатрешните работи што треба да се превземе за да би индустриско-заводската народна милиција ја вршела својата должност во склад со поверените и задатоци.

### Чл. 12

Индустриско-заводската народна милиција ги врши должностите на општата народна милиција по налатствијата и под контролата на шефот на управата на народната милиција. За повредите на овие должности припадниците на индустриско-

заводската народна милиција одговарат дисциплински на надлежниот орган на внатрешните работи по дисциплинските прописи кои важат за општата народна милиција.

Чл. 13

Стручното оспособување и вежбите припадниците на индустриско-заводската народна милиција ги вршат под раководството на командирот на територијално надлежната станица на народната милиција. Шефот на управата на народната милиција може да определи и друг начин за стручно оспособување и вежбање на припадниците на индустриско-заводската народна милиција, ако това го бара интересот на службата.

Стручното оспособување и вежбите припадниците на индустриско-заводската народна милиција ги вршат по програмот и планот кој ке го пропише Министерот на внатрешните работи.

Кога со стручното оспособување и вежбите непосредно раководи командирот на станицата на народната милиција или друг одреден припадник на општата народна милиција индустриско-заводската народна милиција за тоа време стои под негова команда, а нејзините припадници одговарат дисциплински по прописите кои важат за општата народна милиција.

Чл. 14

Со цел да се спречи појавата на неред или да се востанови веќе нарушениот ред во претпријатието, заводот или установата, како и во случаи на вонредна опасност, шефот на отсекот односно началникот на одделението на внатрешните работи одредуе да непосредното командување над индустриско-заводската народна милиција го превземе шефот на управата на народната милиција односно командирот на најблиската станица на народната милиција.

Чл. 15

Ако во непосредната околина на претпријатието, заводот или установата јавниот ред и мир е угрозен во поголем размер, шефот на отсекот односно началникот на одделението на внатрешните работи при извршниот одбор на околискиот или градскиот народен одбор може да нареди, да се припадниците на индустриско-заводската народна милиција употребат за осигурување безбедноста и надвор од својата територијална надлежност, но само до колку со това не се изложуат на опасност објектите на претпријатието, заводот или установата. За секој таков случај органот на внатрешните работи должен е да го извести директорот на претпријатието, заводот или установата.

Чл. 16

Во случаите на чл. 14 и 15 од овој Правилник индустриско-заводската народна милиција влегуе во состав на општата народна милиција и службата ја врши по наредба на претпоставениот старешина по прописите кои важат за општата народна милиција.

Припадниците на индустриско-заводската народна милиција во овој случај одговарат дисциплински и кривично по прописите кои важат за општата народна милиција.

Чл. 17

Припадниците на индустриско-заводската народна милиција се службеници на односното претпријатие, завод или установа и имаат право на принадлежности по Правилникот за принадлежности на припадниците на индустриско-заводската народна милиција. Принадлежностите на истите паѓат на терет на односното претпријатие, завод или установа.

Чл. 18

За припадник на индустриско-заводска народна милиција може да биде поставено лице кое што ги исполнуе условите на чл. 38 од Законот за народната милиција со таа разлика што за припадници на индустриско-заводска народна милиција можат да бидат поставени и лица по-стари од 30 години ако пред тоа биле на служба во општата или индустриско-заводската народна милиција или служиле во единиците на КНОЈ или како подофицери во Ј. А., или биле чувари на претпријатие, завод или установа.

Чл. 19

Примање во служба на индустриско-заводска народна милиција се врши врз основа на конкурс, кој што го распишуе претпријатието, заводот или установата. Решение за прием во службата донесуе директорот на претпријатието, заводот или установата во согласност со Министерот на внатрешните работи.

Чл. 20

Управата на претпријатието, заводот или установата ке направи договор за служба со припадникот на индустриско-заводската народна милиција кој е примен на служба. Покрај останалите услови, со договорот ке се определи и обвезниот срок за служење во индустриско-заводската народна милиција, кој не може да биде по краток од две години.

Чл. 21

Лице кое што биде примено во индустриско-заводската народна милиција при стапуењето на должност полага пред директорот на претпријатието, заводот или установата и пратеникот на управата на народната милиција пропишаната во чл. 45 од Законот за народната милиција клетва.

Клетвата се положуе усмено и за положената клетва се составуе записник во два еднообразни примерка. Текстот на клетвата се упишуе во записникот. Заколнатото лице ги потпишуе обата примерка на записникот, а неговиот потпис го заверуат директорот на претпријатието, заводот или установата и пратеникот на управата на народна милиција.

Едниот примерок на записникот се чува во управата на претпријатието, заводот или установата, а другиот примерок се приложуе кон списокот на припадниците на индустриско-заводската народна милиција, кој се чува во управата на народната милиција на надлежниот отсек (одделение) на внатрешните работи при извршниот одбор на односниот околиски или градски народен одбор.

Чл. 22

За престанокот на службата на припадник на индустриско-заводска народна милиција директорот на претпријатието,

заводот или установата може да донесе решение само ако за това добие претходна согласност од Министерот на внатрешните работи. Министерот на внатрешните работи може и сам да превземе иницијатива да се донесе решение за престанок на службата на припадник на индустриско-заводска народна милиција, ако се исполнети законските услови поради кои службата мора да престане или ако припадникот на индустриско-заводската народна милиција се покажал неспособен или неподходен за служба. Во тој случај Министерот на внатрешните работи ке постигне согласност со директорот на претпријатието, заводот или установата за престанок на работата на односниот припадник на индустриско-заводската народна милиција.

Чл. 23

Снабдуењето и останалите разноски за издржуење индустриско-заводската народна милиција паг'ат на терет на претпријатието, заводот или установата.

Под разноски за снабдуење се подразбират разноски за набавка на оражје, муниција, униформа, алишта, цокули и друга спрема на припадниците на индустриско-заводската народна милиција потребни за вршење на службата.

Чл. 24

Претпријатието, заводот или установата е должно да обезбеди или изгради и одржуе потребни простории за сместуење на овие припадници на индустриско-заводската народна милиција, кои мораат да бидат непрекинато присатни поради вршење на службата, како и потребниот број на стражарници околу објектите кои се обезбедуат.

Просториите за сместуење на постојаната стража треба да бидат уредени по углед на станиците на народната милиција и снабдени со потребен број кревети со постели.

Ако во претпријатието, заводот или установата нема менза за исхрана на работниците и службениците, зградата за сместуење на постојаната стража мора да има и простории за кујна.

Чл. 25

Овој Правилник влегуе во сила со денот на објавуењето му во „Службен весник на НРМ".

IV Бр. 1942 од 24 јануари 1948 год., Скопје.

Министер на внатрешните работи на НРМ,
**Цв. Узуновски, с. р.**

## Содржина:


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| 58 | Закон за потврдуење, изменуење и дополнуење на Законот за избор на народните пратеници за Уставотворното собрание на Народна Република Македонија — — — — — — — — — | 71 |
| 59 | Правилник за организација на индустриско-заводска Народна милиција — | 79 |


Издава: „Службен весник на Народна Република Македонија" новинско — издателско претпријатие — Скопје ул. Маршал Тито бр. 10. Директор и одговорен уредник Љубомир Б. Исаиев. — Печатница „Гоце Делчев" — Скопје.